*ОПШТИНА КАРПОШ*
*- Одделение за поддршка и*
*организација на работата на Советот*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 27, став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната смаоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 208/18), Советот на Општина Карпош, на седумнаесета седница, одржана на 24ти декември 2018 година, донесе

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## за 2019 година

1.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Карпош го усвојува буџетскиот календар | декември јануари |
| 2. | Градоначалникот на Општина Карпош подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | до 30 јуни |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позициите | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерството за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процена на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува Нацрт-Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | до 30 октомври |
| 7. | Советот на Општина Карпош го одобрува Предлог-Планот на Програмите за развој | најдоцна до 15 ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош | најдоцна до 15 ноември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

2. Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број:09-10139/24
Датум: 24.12.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев